**20250030040**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО УПРАВУВАЊЕ И ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за електронско управување и електронски услуги,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 2024 година.

Бр. 08-6467/1
27 декември 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО УПРАВУВАЊЕ И ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ

Член 1

Во Законот за електронско управување и електронски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19 и 244/19), во член 1 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Со овој закон се уредува и организирањето на испитот во електронска форма.“.

Член 2

Во член 8 во ставот (2) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „министерот за дигитална трансформација (во натамошниот текст: министерот)“.

Член 3

Во член 9 во ставот (1) зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за дигитална трансформација (во натамошниот текст: Министерството)“.

Во ставот (2) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборот „министерот“.

Член 4

Во член 10 во ставот (1) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборот „министерот“.

Член 5

Во член 13 во ставот (1) зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборот „Министерството“.

Во ставот (3) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборот „министерот“.

Член 6

Во член 16 во ставот (1) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборот „министерот“.

Во ставот (2) зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборот „Министерството“.

Член 7

Во членот 19 зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборот „министерот“.

Член 8

Во член 26 во ставот (2) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборот „министерот“.

Член 9

Во член 31 во ставот (2) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборот „министерот“.

Член 10

Во член 32 во ставовите (2) и (3) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборот „министерот“.

Член 11

Во член 33 во ставот (1) зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборот „Министерството“.

Во ставот (2) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборот „министерот“.

Член 12

Во член 34 во ставот (1) зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборот „Министерството“.

Во ставововите (2) и (3) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборот „министерот“.

Член 13

Во членот 35 зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборот „Министерството“, а зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборот „министерот“.

Член 14

Во член 36 во ставот (3) зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборот „Министерството“.

Член 15

Во член 38 во ставот (3) зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборот „Министерството“.

Член 16

Во член 39 во ставот (1) зборовите: „министерството за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборот „Министерството“.

Член 17

Во член 41 во ставот (3) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборот „министерот“, а точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „(во натамошниот текст: Владата).“.

Член 18

Во член 42 во ставот (3) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборот „министерот“.

Член 19

По член 42 се додаваат две нови глави и четири нови членови 42-а, 42-б, 42-в и 42-г, кои гласат:

**„Глава петта-а**

ИСПИТ ВО ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА

Член 42-а

**Организирање испит во електронска форма**

(1) Министерството може да организира испит во електронска форма, на барање на институција од јавниот сектор или приватно правно лице.

(2) Врз основа на барањето од ставот (1) на овој член, Министерството склучува договор за организирање на испит во електронска форма со институцијата од јавниот сектор или со приватното правно лице, со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски.

(3) За организирање на испитот во електронска форма, Министерството обезбедува просторни, материјално-технички, информатички, комуникациски и безбедносни услови.

(4) Испитот во електронска форма се организира во специјално опремена просторија со информатичка опрема, интернет врска, опрема за снимање на полагањето испит, дисплеј за објавување на резултати и блокиран радиофреквенциски опсег за време на полагањето.

(5) Мрежниот пристап до компјутерот за полагање задолжително е ограничен за време на полагање на испитот. Министерството задолжително ги следи, евидентира и анализира мрежните пристапи до компјутерите во просторијата за полагање.

(6) За време на организирање на испитот во електронска форма се присутни двајца информатичари од редот на вработените во Министерството.

(7) За организирање на испит во електронска форма институцијата од јавниот сектор или приватното правно лице плаќа надоместок, согласно со реално направените трошоци за организирање испит во електронска форма и висината на цената добиена при спроведувањето на јавната набавка за одржување и надградба на системот.

(8) Надоместоците од ставот (7) на овој член се утврдени со тарифник кој го донесува министерот.

Член 42-б

**Правилник за организирање испит во електронска форма**

Поблиските просторни, материјално- технички, информатички, комуникациски и безбедносни услови за организирање на испитот во електронска форма, начинот на организирање на испитот во електронска форма, како и формата и содржината на договорите за организирање на испитот во електронска форма ги пропишува министерот.

**Глава петта-б**

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

Член 42-в

**Годишна програма за дигитализација**

(1) Владата на предлог на министерот донесува Годишна програма за дигитализација, која содржи:

1) бази на податоци кои треба да се дигитализираат во годината за која се однесува програмата од страна на институциите чии се базите;

2) органите на државна управа и јавните претпријатија основани од Владата кои треба да се поврзат на МИМ и да се сертифицираат со бази на податоци кои треба да ги поврзат и веб-сервиси кои треба да ги развијат и

3) услуги кои треба да се дигитализираат и да се направат достапни преку Националниот портал за услуги.

(2) Органите на државна управа и јавните претпријатија основани од Владата, до Министерството доставуваат информации за статусот на бази на податоци, услугите кои ги испорачуваат, информационите и комуникациските системи и информатичка опрема, најдоцна до 31 август во тековната година.

(3) Владата ја донесува Годишната програма за дигитализација за наредната година во рок од 10 дена од донесување на Буџетот на Република Северна Македонија.

(4) Формата и содржината на Годишната програма за дигитализација од ставот (1), како и потребните информации од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот.

Член 42-г

**Извештај за реализација на Годишната програма**

(1) Институциите за кои биле предвидени активности во Годишната програма за дигитализација се должни да достават Годишен извештај за реализација на Годишната програма за дигитализација најдоцна до 15 декември во тековната година за претходната година до Министерството со детално образложение за нереализираните активности.

(2) Министерството врз основа на извештаите од ставот (1) на овој член изготвува и најдоцна до 15 јануари до Владата доставува збирен Годишен извештај за реализација на Годишната програма за дигитализација.

(3) Доколку за определени активности од Годишната програма за дигитализација биле обезбедени средства, а истите не биле реализирани, Министерството и доставува на Владата листа на институции и функционери кои раководат со тие институции на запознавање и натамошно постапување за утврдување на одговорност на функционерот кој раководи со таа институција.

(4) Содржината на Годишниот извештај од ставот (1) на овој член ја пропишува министерот.“.

Член 20

Насловот на Глава шеста се менува и гласи: „НАДЗОР И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР“

Член 21

Во членот 43 зборот „примената“ се заменува со зборот „спроведувањето“, а зборовите: „Министерство за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборот „Министерството“.

Член 22

По членот 43 се додаваат три нови наслови и три нови члена 43-а, 43-б и 43-в, кои гласат:

„Член 43-а

**Инспекциски надзор**

(1) Инспекциски надзор над примената на одредбите од овој закон и другите прописи и општи акти донесени врз основа на овој закон врши секторот надлежен за инспекциски надзор во рамките на Министерството, преку инспекторите за информациско комуникациски технологии (во натамошниот текст: инспекторите).

(2) Инспектори може да бидат вработени лица кои ги исполнуваат условите согласно со Законот за административните службеници и Законот за инспекциски надзор.

(3) При вршењето на инспекцискиот надзор се применуваат одредбите од овој закон, Законот за инспекциски надзор и Законот за општата управна постапка.

Член 43-б

**Опфат на инспекцискиот надзор**

Инспекцискиот надзор над примената на овој закон и другите прописи и општи акти донесени врз основа на овој закон опфаќа надзор над:

1) еднократно обезбедување по службена должност на податоците од Централниот регистар на население и од изворниците на податоци од страна на давателите на електронски услуги и обезбедување на пристап за физичките и правните лица до податоците собрани за нив согласно со закон;

2) доставување на податоци од Централниот регистар на население и изворникот на податоци по службена должност до давателите на електронски услуги по нивно барање согласно со закон;

3) идентификување со средство за електронска идентификација од страна на органите, физичките и правните лица, при размена на документи во електронска форма и при давање или остварување на административни услуги по електронски пат;

4) користење на МИМ платформата при размена на електронски документи и податоци;

5) почитување на стандардите за интероперабилност на МИМ;

6) користење на услуга за електронска препорачана достава на документи согласно со закон, доколку субјектите на надзорот немаат можност за непосредна размена на податоци и документи по електронски пат;

7) почитување на правилата за начинот на користење на информациските системи за обработка на податоците во електронска форма преку МИМ;

8) овозможување на користење на електронски услуги од страна на органите;

9) пристап до податоците и документи во барана административна услуга по електронски пат;

10) собирање, обработка и давање на користење на лични податоци согласно со закон;

11) прием на барања во електронска форма преку Националниот портал за електронски услуги и преку единствена околина;

12) издавање на документи во електронска форма преку Националниот портал за електронски услуги при обезбедување на административни услуги по електронски пат;

13) давање на електронски услуги преку Националниот портал за електронски услуги, преку единствената околина и со користење на други платформи кои ги исполнуваат условите утврдени со закон;

14) дигитализирање на барањата поднесени во хартиена форма од страна на органите;

15) давање на овластување за прием на барања во електронска форма;

16) користење на унифицирани номенклатури во меѓусебната комуникација по електронски пат меѓу органите;

17) обезбедување на информациска безбедност на информациските системи кои се користат за комуникација по електронски пат;

18) евидентирање на електронските услуги во Каталогот на услуги и нивно ажурирање;

19) поседување на сертификат за интероперабилност од страна на правни лица кои вршат дејноста од областа на информациско-комуникациските технологии, а кои се имплементираат во органите и

20) реализацијата на Годишната програма за дигитализација.

Член 43-в

**Надлежности и акти на инспекторите**

(1) При вршење на инспекцискиот надзор од членот 43-а став (1) од овој закон, инспекторите изрекуваат инспекциски мерки за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци согласно со Законот за инспекциски надзор.

(2) Ако при вршење на инспекцискиот надзор инспекторот утврди неправилности, со решение изрекува опомена и определува рок во кој субјектот на инспекцискиот надзор е должен да ги отстрани неправилностите и недостатоците утврдени со записник.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, во случај кога инспекторот ќе оцени дека утврдените неправилности и недостатоци можат да предизвикаат или предизвикуваат непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето или финансиска штета или штета по имотот од поголема вредност или загрозување на животната средина или загрозување на јавниот интерес, со решение изрекува друга инспекциска мерка утврдена во ставот (7) на овој член, со која најсоодветно ќе се постигне целта на инспекцискиот надзор.

(4) Против решението на инспекторите од ставовите (2) и (3) на овој член, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

(5) Жалбата изјавена против решението на инспекторите од ставовите (2) и (3) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

(6) За изречените опомени од ставот (2) на овој член, инспекторите водат евиденција.

(7) Инспекциските мерки од ставот (1) на овој член опфаќаат:

1) задолжување за еднократно обезбедување по службена должност на податоците од Централниот регистар на население и од изворниците на податоци;

2) задолжување за доставување на податоци од Централниот регистар на население и изворниците на податоци по службена должност;

3) задолжување за идентификување со средство за електронска идентификација;

4) задолжување за користење на МИМ платформата при размена на електронски документи и податоци;

5) задолжување за почитување на стандардите за интероперабилност на МИМ и/или моментално времено исклучување од МИМ платформата се додека не се испочитуваат овие стандарди;

6) задолжување за користење на услуга за електронска препорачана достава на документи согласно со закон, доколку субјектите на надзорот немаат можност за непосредна размена на податоци и документи по електронски пат;

7) задолжување за почитување на правилата за начинот на користење на информациските системи за обработка на податоците во електронска форма преку МИМ и/или моментално исклучување од МИМ платформата до почитување на правилата;

8) задолжување за преземање на мерки и активности за овозможување на користење на електронски услуги од страна на органите;

9)задолжување за овозможување на пристап до податоците и документи во барана административна услуга по електронски пат;

10) задолжување за почитување на законските обврски за заштита на личните податоци при собирање, обработка и давање на користење на лични податоци;

11) задолжување за прием на барања во електронска форма преку Националниот портал за електронски услуги и преку единствена околина;

12) задолжување за издавање на документи во електронска форма преку Националниот портал за електронски услуги;

13) задолжување за преземање на мерки и активности за давање на електронски услуги преку Националниот портал за електронски услуги, преку единствената околина и со користење на други платформи кои ги исполнуваат условите утврдени закон;

14) задолжување за дигитализирање на барањата поднесени во хартиена форма од страна на органите;

15) задолжување за давање на овластување за прием на барања во електронска форма;

16) задолжување за користење на унифицирани номенклатури во меѓусебната комуникација по електронски пат меѓу органите;

17) задолжување за обезбедување на информациска безбедност на информациските системи кои се користат за комуникација по електронски пат и времена забрана за користење на системите кои немаат обезбедено информациска безбедност;

18) задолжување за евидентирање на електронските услуги во Каталогот на услуги и нивно ажурирање;

19) задолжување за добивање на сертификат за интероперабилност од страна на правни лица кои вршат дејност од областа на информациско-комуникациските технологии, а кои се имплементираат во органите и/или забрана за користење на системи кои не обезбедуваат сертификат во предвидениот рок и

20) задолжување за реализација на активностите од Годишната програма за дигитализација.

(5) Формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата од ставот (5) на овој член ги пропишува министерот.“.

Член 23

Членот 44 се менува и гласи:

„(1) За прекршоците утврдени со овој закон, инспекторот е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог согласно со Законот за прекршоците пред да поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

(2) Инспекторот е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(3) Во евиденцијата од ставот (2) на овој член, се собираат, обработуваат и чуваат податоците за постапката за издавање на прекршочен платен налог (реден број, број и датум на записник за прекршок и правна квалификација на прекршокот), податоци за сторителот на прекршокот (име и презиме или назив на сторител, адреса/седиште на сторителот и матичен број/ЕДБ на сторителот (за странец се запишува број на патна исправа) и за постапката за извршување (број и датум на платен налог; износ на глоба (во евра); рок за доброволно плаќање на глоба; наплата на глоба (да/не) и датум на поднесено барање за поведување на прекршочна постапка).

(4) Личните податоци од ставот (3) на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.

(5) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот.

(6) За прекршоците утврдени со овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.“.

Член 24

Во член 45 во ставот (1) зборовите: „од 500 до 1.000 евра“ се заменуваат со зборовите: „од 200 до 500 евра“.

Во ставот (2) зборовите: „од 500 до 1.000 евра“ се заменуваат со зборовите: „од 200 до 500 евра“.

Член 25

Во член 46 во ставот (1) зборовите: „од 1.000 до 1.500 евра“ се заменуваат со зборовите: „од 200 до 500 евра“.

Во ставот (2) зборовите: „од 1.000 до 1.500 евра“ се заменуваат со зборовите: „од 200 до 500 евра“.

Член 26

Во член 47 во ставот (1) зборовите: „од 1.500 до 2.000 евра“ се заменуваат со зборовите: „од 200 до 500 евра“.

Во ставот (2) зборовите: „од 1.500 до 2.000 евра“ се заменуваат со зборовите: „од 200 до 500 евра“.

Член 27

По членот 47 се додава нов член 47-а, кој гласи:

„Член 47-а

(1) Глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на раководното лице на органот ако не ги реализира активностите од Годишната програма за дигитализација од членот 42-а став (1) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на раководното лице на органот ако не достави Годишен извештај во рокот утврден во членот 42-б став (1) од овој закон.".

Член 28

Подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон ќе се донесат во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 29

Одредбите од Глава петта-а ИСПИТ ВО ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА од овој закон ќе започнат да се применуваат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 30

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".